РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4227/1

04-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 91-вата седница одржана на 31.08.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-8851/1 од 19.10.2022 година, со наводи за злоупотреба поврзана со набавка на материјали за учење во Општина ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-8851/1 од 19.10.2022 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 19.10.2022 година поднесена е пријава во која се содржани наводи за злоупотреба поврзана со набавка на материјали за учење во Општина ///, и оформен е предмет број 12-8851/1 од 19.10.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека на децата од предучилишна возраст на територијата на Општина /// им биле поделени обрасци за уплата на износ од 800 до 1200 денари на сметката на правното лице ///, на кои не биле специфицирани поединечните ставки што би биле дел од наводната набавка на материјали за учење и нивната цена. Во пријавата е укажано и на блискиот однос помеѓу градоначалникот на Општина /// и сопственичката на книжарницата, која била назначена за директорка на ОУ /// – ///.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, по што имајќи предвид дека во случајот не станува збор за злоупотреба на буџетски средства преку незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик - претседател**
**Софка П. Дојчиновска**